СЕКТОР ЗА ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ

Арх.бр. УП1-15 403/2021
Дата 2 6 -03- 2021

Врз основа на член 88 од Законот за општа управна постапка ("Службен весник на Република Македонија" бр. 124/15 и 76/20), а во врска со член 4, став 3 од Законот за спроведување на Просторниот план на Република Македонија ("Службен весник на Република Македонија" бр.39/04) и член 42 став 9 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), министерот за животна средина и просторно планирање, го донесе следното:

# Р Е Ш Е Н И Е
## за Услови за планирање на просторот

1. Со ова Решение на Општина Зрновци, се издаваат **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци.**

Површината на проектниот опфат изнесува 0,88 h и зафаќа земјоделско земјиште: нива (VI класа) и лозја (Vкласа).

Предвидениот плански опфат го тангира планскиот опфат за кој се издадени Услови за планирање на просторот за изработка на Урбанистички план за село Зрновци, Општина Зрновци.

2. Условите за планирање на просторот од точка 1 на ова Решение, изработени од Агенцијата за планирање на просторот со **тех.бр. Y03321** се составен дел на Решението.

3. Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци, содржат општи и посебни одредби, насоки и решенија и заклучни согледувања со обврзувачка активност од планската документација од повисоко ниво и графички прилози кои претставуваат Извод од планот.

4. При изработка на планската документација локациите за сите содржини треба да се бараат исклучиво на површини од послаби бонитетни класи. Приоритет е заштита на земјоделското земјиште, а особено стриктно


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk

ограничување на трансформацијата на земјиштето од I-IV бонитетна класа за неземјоделско користење, како и зачувување на квалитетот и природната плодност на земјиштето.

5. Со цел да се обезбеди заштита и унапредување на животната средина при изработка на предметната документација за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци, потребно е да се почитуваат одредбите пропишани во Законот за животна средина ("Сл.весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18) како и подзаконските акти донесени врз основа на истиот.

6. Органот кој го подготвува планскиот документ е должен да донесе Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена во која се образложени причините за спроведувањето, односно не спроведувањето согласно со критериумите врз основа на кои се определува дали еден плански документ би можел да има значително влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето.

При донесувањето на Одлука за спроведување или Одлука за не спроведување на стратегиска оцена за **предметната документација за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци**, задолжително да се земат во предвид насоките за потреба од спроведување на Стратегиска оцена на влијанието врз животната средина, како и забелешките и заклучоците од секторските области опфатени со Просторниот план на Република Македонија.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Зрновци**, врз основа на член 42 став 4 од Законот за урбанистичко планирање ("Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 32/20), со постапка бр. 34137 од 18.02.2021 год. до Агенцијата за планирање на просторот, преку електронскиот систем е-урбанизам, достави барање за издавање на Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци. Површината на проектниот опфат изнесува 0,88 h.

Согласно член 42 став 8 од Законот за урбанистичко планирање ("Сл. весник на РСМ" бр. 32/20), Агенцијата за планирање на просторот ги изработи Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен

престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци и ги достави до Министерството за животна средина и просторно планирање под бр. УП1-15 403/2021 од 22.03.2021 година.

Условите за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци, претставуваат влезни параметри и смерници при планирањето на просторот и поставувањето на планските концепции и решенија по сите области релевантни за планирањето на просторот.

Заклучните согледувања, дефинирани во Условите за планирање на просторот кои произлегуваат од Просторниот план на Република Македонија, претставуваат обврзувачки активности во понатамошното планирање на просторот.

Врз основа на горенаведеното, а согласно член 88 од Законот за општа управна постапка ("Сл. весник на РМ" бр. 124/15 и 76/20), Министерството за животна средина и просторно планирање го донесе ова Решение на **Услови за планирање на просторот за изградба на објекти со намена семејни куќи за времен престој – викенд куќи, КП 3123/1, КП 3123/2, КП 4081 и КП 4082, КО Зрновци, Општина Зрновци** и одлучи како во диспозитивот.

**Упатство за правно средство**: Против ова Решение засегнатата јавност и органот кој го подготвува планскиот документ може да изјави жалба во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на ова Решение до Државната Комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Скопје
MINISTRIA E MJEDISIT JETËSOR DHE PLANIFIKIMIT HAPËSINOR
Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

М И Н И С Т Е Р
Naser Nuredini

Изготвил: Дајана Марковска Ристеска

Одобрил: Неби Реџепи


Министерство за животна средина и просторно планирање
на Република Северна Македонија
Плоштад „Пресвета Богородица" бр. 3, Скопје
Република Северна Македонија

Ministria e Mjedisit Jetësor dhe Planifikimit hapësinor
e Republikës së Maqedonisë së Veriut
Bul. "Presveta Bogorodica" nr. 3, Shkup
Republika e Maqedonisë së Veriut

+389 2 3251 403
www.moepp.gov.mk